РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-333/5
23-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (понатаму: ДКСК), на 36-та седница одржана на 20.07.2026 година, ја донесе следната

# О Д Л У К А

Постапката по предметот бр. 12-3452/1 од 26.12.2025 година, оформен по доставена пријава за сомнеж за непотизам и нерегуларно вработување во СОУ "----" ----, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот. За предметниот случај постапил друг надлежен орган.

Предметот со бр. 12-3452/1 од 26.12.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 26.12.2025 година, поднесена е пријава за сомнеж за непотизам и нерегуларно вработување во СОУ "----" ---- (понатаму: училиште) и оформен е предмет бр. 12-3452/1 од 26.12.2025 година.

Подносителот на пријавата укажува на непотизам и нерегуларно вработување на лицето ---- во средното училиште во Општина ----. Согласно сознанијата на подносителот горенаведеното лице 5 години извршувало наставна дејност без соодветна универзитетска диплома.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за прибирање информации до Државниот просветен инспекторат (понатаму: ДПИ).

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во законски утврдениот рок, добиени се бараните информации и од увидот во прибавената документација утврдена е следната фактичка состојба:
ДПИ, извршил вонреден инспекциски надзор и составил Записник за извршен вонреден инспекциски надзро, заведен под бр. ---- од ---- година.
Лицето ----, е апсолвент на природно математички факултет во Скопје, прв пат е вработен во училиштето на ---- година, како професор по ---- -старо финансирање, до враќање на работник.
Работниот однос е склучен по добиена на согласност од општина од ---- година, односно барање за посредување во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија (понатаму: АВРСМ) од ---- година и добиено известување од АВРСМ од ---- година, дека немало дипломиран наставник по Биологија.
По завршување на договорот училиштето објавило оглас за наставник по Биологија, старо финасирање до враќање на работник со бр. ---- од ----година. За истото била добиена согласност од општината и од Министерството за образование и наука (понатаму: МОН). Бил примен наставникот ---- како единствен пријавен кандидат пријавен, и бил склучен договор на определено време до враќање на работник со бр. ---- од ---- година.
Од ---- година, му бил продолжен договорот со Анекс, за што училиштето обезбедило согласност од општината, како и направено посредување со АВРСМ дека немало соодветен кадар по Биологија.
Училиштето отпочнало постапка за распишување на огласи за наставен кадар со задоцнување, поради одржувањето на локалните избори 2025 и повторните локални избори за избор на градоначалник на Општина ---- од 2026 година.
Училиштето добило известување од градоначалникот на општината со бр. ---- од ---- година за добиена согласност од МОН за вработување на наставен кадар за учебната 2025/2026 година со бр. ---- од ---- година.
По ова, била донесена одлука за распишување на оглас со бр. ---- од ----година и на денот на надзорот на ---- година, објавениот оглас бил во тек.
Дополнително, Директорот на училиштето ----, доставил писмена Изјава, своерачно потпишана, дел.бр. ---- од ---- година, дека не е во роднинска врска со кандидатот за наставник ----.

Врз основа на горенаведеното, ДПИ не утврдил неправилности и непотизам при досегашното вработување на лицето ---- во училиштето, поради што постапката се запира.

*Според член 3 став 1 Закон за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 12/19) (понатаму: Закон), наставник во основно и средно училиште може да биде лице кое: има завршено најмалку четири години соодветно високо образование согласно со нормативот за наставен кадар утврден во наставната програма и се има стекнато со најмалку 240 ЕКТС. Квалификациите со кои се стекнуваат наставниците за професијата наставник во основно и средно училиште припаѓаат на VI А ниво од Македонската рамка на квалификации и соодветствуваат на ниво VI од Европската рамка на високообразовни квалификации.*

*Според член 11 став 1 од Законот, доколку на јавниот оглас од членот 10 став (1) од овој закон, не се пријави лице кое ги исполнува условите утврдени во членот 3 став (1) алинеја 1 од овој закон, може да заснова работен однос на определено време до крајот на учебната година лице кое се јавило на јавниот оглас за наставник.*

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека, нема елементи за натамошно постапување по предметот, односно дека за предметниот случај постапил друг надлежен орган, каде постапката е завршена и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изработил: м-р В.З. Виш соработник

Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: м-р Б.К.Ш Член на ДКСК

**Доставено до:**

- подносителот на пријавата

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk